# ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

**"Сл. весник на Р Македонија" бр. 20/98 од 29.04.1998 год.**

**Член 1**

Република Македонија, како гарант, презема обврска да ги намири обврските по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем што ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и ЈП Електростопанство на Македонија, во вкупен износ од 61,5 милиони германски марки, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку ЈП Електростопанство на Македонија не го отплати кредитот.

**Член 2**

Заемот од член 1 на овој закон ќе го отплатува ЈП Електростопанство на Македонија од своите приходи.

**Член 3**

Средствата од заемот од Меѓународната банка за обнова и развој ќе се користат за финансирање на санацијата на шесте најголеми хидроенергетски постројки во Република Македонија, подобрување на работата на ЈП Електростопанство на Македонија, вклучувајќи контрола, диспечерски центар и врски, како и отпочнување на санација на системот за снабдување со електрична енергија.

**Член 4**

Заемот од член 1 на овој закон ќе се отплатува во рок од 20 години, грејс период од пет години и со каматна стапка шестмесечен ЛИБОР + 0,5% во едновалутен систем базиран на германската марка.
На неповлечените средства од заемот ќе се плаќа провизија во износ од 0,75%.

**Член 5**

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорот за заем во име на ЈП Електростопанство на Македонија како заемопримач, ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на носителот на платен промет да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците од сметката на корисникот на заемот.

**Член 6**

Министерството за финансии ќе пресметува и наплатува 1% провизија на износот на заемот за кој се дава гаранција, во согласност со амортизациониот план од Договорот за заем.
Провизијата од став 1 на овој член се пресметува, од денот на издавањето на гаранцијата за заем и е приход на Буџетот на Република Македонија.
Провизијата ќе се пресметува се до известувањето од Меѓународната банка за обнова и развој за престанување на потребата од условеноста на заемот со гаранција од државата.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".